МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР

декември, 2010

# ВОВЕД

**I.Оцена на состојбите во областа на пазарот на осигурување и причини за донесување на законот за изменување**

Владата на Република Македонија со заклучок на Сто и педесеттата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 07.04.2010 година усвои пакет од петнаесет мерки за унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија. На Сто и шеесеттата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 18.05.2010 година, по однос на Информацијата за статусот на имплементација на мерките за унапредување на казнената политика во Република Македонија, Владата на Република Македонија усвои динамика за поднесување на предлог-законите за измена и дополнување на законите согласно мерките за унапредување на казнената политика, меѓу кои и на Законот за Централен регистар.

Со цел унапредување на казнената политика во Република Македонија се предлага во Законот за Централен регистар прекршоците да бидат групирани според нивната тежина и според големината на субјектот што го сторил прекршокот.

**II. Цели, начела и основни решенија на предлогот на закон**

Донесувањето на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за Централен регистар е со цел унапредување на казнената политика и унапредување на бизнис климата во Република Македонија.

Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за Централен регистар се заснова на следниве начела:

- Правичност во одмерување на висината на глобите, согласно деловните стандарди, која ќе има репресивен карактер и ќе биде соодветна на сторениот прекршок,

Основни решенија на предложениот закон се:

-бришење на одредени прекршоци заради пренормираност,

- намалување на глобите во однос на постојните глоби.

**III.Оцена на финансиските последици од предлогот на закон врз Буџетот и другите јавни финансиски средства**

Намалувањето на глобите предвидени со овој закон нема да предизвика соодветно намалување во приходите во буџетот на Република Македонија.

**IV.Процена на финансиските средства потребни за спроведување на законот и начинот на нивното обезбедување, како и податоци за тоа дали спроведувањето на законот повлекува материјални обврски за одделни субјекти**

Со предложените решенија во измената на Законот за Централен регистар се врши намалување на висината на глобите за прекршоците пропишани со Законот, што значи дека за правните лица ќе повлекува помалку финансиски средства во случај на сторување прекршок согласно овој закон.

**ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР**

Член 1

Во Законот за Централен регистар („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/01, 49/03, 109/05 и 88/08), во членот 9 по зборовите „годишни сметки“ се додаваат зборовите „и финансиски извештаи“.

Член 2

Членот 12 се менува и гласи:

„Обработените, обединетите и класифицираните податоци што се внесуваат во Централниот регистар се складираат и чуваат во седиштата на регистрите“

.

Член 3

Во членот 16 ставот 1 се менува и гласи:

„Заинтересираните корисници можат да добијат информации и заверен препис од податоците внесени во регистрите.“

Член 4

Во членот 17 на крајот од реченицата пред зборот „закон“ се додаваат зборовите „или друг “.

Член 5

Во членот 18-а зборовите „Централниот регистар на Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Централниот регистар“.

Член 6

По членот 28-а се додава нов член 28-б кој гласи:

„Член 28-б

За прекршоците утврдени во членовите 29 и 30 од овој закон прекршочна постапка води надлежен суд."

Член 7

Членот 29 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на Централниот регистар ако:

- обработката, обединувањето и класифицирањето на внесените податоци не ги врши според утврдените постапки и обрасци (член 8);
- одбие или на било кој начин не даде информации за податоците внесени во Централниот регистар или одбие да издаде заверен препис (член 16 став 1);
- одбие да даде информација за одредени податоци иако не се обработени (член 17).

Глоба во износ од 500 до 800 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во Централниот регистар за прекршокот од ставот 1 на овој член.“

Член 8

Членот 30 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на регистарот или правното лице ако:

-во Централниот регистар не ги внесе податоците за конституираните права на сопственост, стварните права врз туѓи ствари и стекнатиот статус на трговско друштво или друг вид статус на правното лице, годишните сметки и финансиските извештаи (член 9);

-на Централниот регистар не му се овозможи непречено користење на внесените податоци кај другите правни субјекти (член 20 став 2).

Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во регистарот или правното лице за прекршокот од ставот 1 на овој член.“

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

### I. Објаснување на содржината на одредбите на предлогот на законот

Измените и дополнувањата на Законот за Централен регистар се во насока на унапредување на казнената политика во Република Македонија.

Со членот 1 се дополнува постоечкиот член 9 од Законот и се врши терминолошко усогласување со Законот за трговски друштва во делот за годишните сметки и финансиските извештаи.

Со членот 2 се врши измена на членот 12 од Законот во кој се брише ставот 2 затоа што истата одредба е пропишана во членот 9 став 2 од постоечкиот закон.

Со членовите 3, 4 и 5 се вршат измени во членовите 16, 17 и 18-а од постоечкиот закон. Овие измени се од технички карактер и се во функција на појасно дефинирање на веќе постоечките одредби.

Бидејќи до сега во Законот не беше пропишано кој е надлежен за водење на прекршочна постапка со членот 6 од Предлог законот се додава нов член 28-б со кој се пропишува надлежноста на надлежниот судот за водење на прекршочна постапка.

Со членовите 7 и 8 се изменуваат членовите 29 и 30 од постоечкиот Закон. Со предлог измените се врши ново прегрупирање на прекршочните санкции според тежината и според субјектот кој го прави прекршокот. Ново е тоа што се пропишуваат прекршоци за Централниот регистар. Сите прекршоците се рангираат во втората група на прекршоци за кои е предвидена средна висина на глобата. Висината на постоечките глоби се намалува за 40%.

### - Меѓусебна поврзаност на решенијата содржани во предложените одредби

Предложените решенија во законот се меѓусебно поврзани и како такви применливи во пракса.

### III. Последици што ќе произлезат од предложените решенија

Со донесувањето на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за Централен регистар се постигнуваат целите за унапредување на казнената политика.

**ИЗВОД ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР ШТО СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ**

Член 9

Во Централниот регистар се внесуваат податоците од основните регистри со и без својство на правно лице, како и податоци од други правни и физички лица.

Податоците кои се однесуваат на конституираните права на сопствениот и стварните права врз туѓи ствари (залог, хипотека, службеност, реални товари, долгорочен закуп и пренос на сопственост на предмети и пренос на права заради обезбедување), стекнат статус на трговско друштво или статус на друг вид на правно лице и годишни сметки задолжително се внесуваат во Централниот регистар.

Внесувањето на другите видови податоци, како што се: кредитни информации, брачни договори, разни видови осигурувања и слично, се врши врз основа на договор, освен ако за одреден вид податоци не е нешто друго предвидено со закон.

Чување на податоците

Член 12

Обработените, обединетите и класифицираните податоци од Централниот регистар се складираат и чуваат во седиштето на Регистарот.

Податоците кои се однесуваат на конституираните права на сопственост и стварните права врз туѓи ствари (залог, хипотека, службеност, реални товари, долгорочен закуп и пренос на сопственост на предмети и пренос на права заради обезбедување), стекнат статус на трговско друштво или статус на друг вид на правното лице, годишни сметки и за финансиската и економска способност на правните лица задолжително се внесуваат во Централниот регистар.

Член 16

Заинтересираните корисници можат да добијат информации од податоците внесени во регистрите, а за податоците од одделенијата со статус на регистри можат да побараат и заверен препис кој задолжително им се издава.

Информациите наведени во ставот 1 од овој член можат да се добијат лично и по електронски пат, со исклучок на заверениот препис кој се добива исклучиво лично.

Член 17

Централниот регистар податоците внесени во него може да ги направи достапни за корисниците во вид на информација како необработени, обработени или во друга форма предвидена со овој закон.

Надоместоци на Централниот регистар

Член 18-а

За извршените услуги од делокругот на својата работа, кој е утврден со овој или друг закон, а кои се однесуваат на упис, внесување, обработување, обединување, класифицирање, селектирање, складирање, чување и користење на податоците во Централниот регистар на Република Македонија, како и дистрибуирање на податоците до заинтересираните корисници, Централниот регистар на Република Македонија наплаќа соодветен надоместок кој се утврдува со Тарифа на Централниот регистар, која ја донесува Управниот одбор на Централниот регистар, а на која согласност дава Владата на Република Македонија.

Надоместокот од ставот 1 на овој член не се наплаќа од корисниците и единките корисници на средства од Буџетот на Република Македонија од областа на законодавната, извршната и судската власт и од единиците на локалната самоуправа.

Доколку соодветниот надоместок не е платен, ќе биде определен рок, но не подолг од три дена, во кој подносителот е должен да го плати надоместокот.

Ако надоместокот се плати во предвидениот рок, ќе се смета дека поднесокот е примен првиот пат.

Доколку надоместокот не биде платен во предвидениот рок, поднесокот со заклучок ќе се отфрли и ќе се смета дека не бил ни поднесен.

## VII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Член 28-а

1) За прекршоците утврдени со овој закон, овластеното лице на Централниот регистар, во рамките на своите овластувања, на сторителот на прекршокот му нудат посредување и постигнување на согласност со која сторителот на прекршокот треба да ја плати глобата, другите давачки и да ги отстрани последиците од прекршокот.

2) Постапката за посредување се покренува со доставување на понуда од страна на овластеното лице на Централниот регистар до сторителот на прекршокот во рок од осум дена од денот од кога е констатирано сторувањето на прекршокот.

3) Сторителот на прекршокот е должен во рок од три дена од денот на приемот на понудата од ставот 2 на овој член да даде писмена согласност за покренување на постапка за посредување.

4) Овластените лица на Централниот регистар за случаите од ставот 3 на овој член составуваат записник во кој се констатира согласноста на двете страни за покренување на постапка за посредување на кој се потпишува и сторителот на прекршокот.

5) Директорот на Централниот регистар со подзаконски акт го определува бројот, потребниот степен на стручна подготовка и работното искуство на членовите на Комисијата за посредување.

6) Комисијата за посредување работи на седници на кои задолжително присуствуваат претставници на сторителот на прекршокот.

7) За склучената согласност по посредувањето се составува спогодба во која се констатира согласноста на двете страни.

8) Во спогодбата се утврдуваат обврските на сторителот на прекршокот, а особено:

1. висината и начинот на плаќање на глобата;
2. висината и начинот на плаќање на другите давачки и трошоци и
3. мерките кои треба да ги преземе сторителот со цел да ги отстрани последиците од прекршокот.

9) Спогодбата од ставот 7 на овој член има сила на извршна исправа.

10) Директорот на Централниот регистар донесува деловник и трошковник за работа на Комисијата за посредување. Висината и видот на трошоците утврдени со трошковникот се утврдуваат врз основа на реалните трошоци што ги има Централниот регистар заради обезбедување на работа на Комисијата за посредување.

11) Комисијата за посредување е должна до води евиденција за поведените постапки за посредување и за нивниот исход.

### Член 29

Глоба во износ од 2.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правното лице ако:

-во Централниот регистар не ги внесе податоците за конституираните права на сопственост, стварните права врз туѓи ствари и стекнатиот статус на трговско друштво или друг вид статус на правното лице (член 9);

-внесувањето на податоците не го врши врз основа на единствени постапки, инструменти и од обрасци во електронски или друг облик (член 10);

-податоците внесени во Централниот регистар не се сочуваат и во форма на копија (член 12 став 2);

-одбие или на било кој начин не овозможи слободен пристап до податоците внесени во регистрите или одбие да издаде заверен препис на сите заинтересирани лица (член 16 став 2) и

-на Централниот регистар не му се овозможи непречено користење на внесените податоци кај другите правни субјекти (член 20).

Глоба во износ од 800 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршокот од ставот 1 на овој член.

### Член 30

Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правното лице ако:

-внесувањето на податоците не се врши на соодветен образец (член 11);
-обработката, обединувањето и класифицирањето на внесените податоци не ги врши според утврдените постапки, инструменти и обрасци (член 12);
-одбие да даде информација за одредени податоци и ако не се обработени (член 17);
-не соработува и не разменува информации со другите државни органи, правни и физички лица (член 20) и
-неосновано одбие да ги достави бараните податоци со кои располага или да дадат објаснувања и помош во врска со работата (член 20).
Глоба во износ од 600 до 800 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршокот од ставот 1 на овој член.